# ТЕХНИКИ НА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ПРЕСУДИ
## Правна аргументација на првостепени пресуди во граѓанска постапка

Судија Љубица Колиќ

# ПИСМЕНО ИЗРАБОТУВАЊЕ НА ПРЕСУДА

- ЗАКОНОТ УТВРДУВА ШТО ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЕДНА ПРЕСУДА ТРЕБА ДА СОДРЖИ ( чл. 327)
- СУДСКИОТ ДЕЛОВНИК ИСТО ТАКА ГИ ПРЕДВИДУВА ФОРМАТА НА СПИСИТЕ И НАЧИНОТ НА ПИШУВАЊЕ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ (127 и 128)
- СЕ ДРУГО Е УМЕШНОСТ И ЗНАЕЊЕ НА СУДИЈАТА ОДЛУКАТА ДА ЈА НАПРАВИ РАЗБИРЛИВА И ДОСТАПНА ЗА ГРАЃАНИТЕ

# ШТО Е ЗАДОЛЖИТЕЛНО

Писмено изработената пресуда мора да има

- УВОД
- ИЗРЕКА
- ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## ШТО ТРЕБА ДА СОДРЖИ УВОДОТ

- ДЕКА ПРЕСУДАТА СЕ ДОНЕСУВА ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ
- СОСТАВ НА СУДОТ- име и презиме на судијата и членовите на советот
- СТРАНКИТЕ СО ГЕНЕРАЛИИ И НИВНИТЕ ПОЛНОМОШНИЦИ
- ПРЕДМЕТ НА СПОРОТ
- ВРЕДНОСТ НА СПОРОТ
- ДАТУМ НА ОДРЖУВАЊЕ НА РОЧИШТЕТО И НА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕСУДАТА

## КАКВА ТРЕБА ДА БИДЕ ИЗРЕКАТА

- ЈАСНА ОСЛОБОДЕНА ОД НЕПОТРЕБНИ ПОДАТЦИ
- ИЗВРШЛИВА, СО ДАДЕН РОК ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ И ОДЛУКА ЗА ТРОШОЦИТЕ
- да содржи одлука на судот за усвојување или одбивање на одделни барања што се однесуваат на главната работа и на споредните барања
- одлука за постоењето или непостоењето на побарувањето истакнато заради пребивање (чл 327)

## СОДРЖИНА НА ОБРАЗЛОЖЕНИЕТО

- НАВОДИ И БАРАЊЕ НА ТУЖИТЕЛ
- НАВОДИ И БАРАЊЕ НА ТУЖЕН
- ИЗВЕДЕНИ ДОКАЗИ
- ФАКТИЧКА СОСТОЈБА- РЕШИТЕЛНИ ФАКТИ
- АНАЛИЗА НА ДОКАЗИ
- ПРАВНО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ- ПРОПИСИ ВРЗ КОИ СУДОТ ЈА ЗАСНОВА ОДЛУКАТА
- ОДЛУКА ЗА ТРОШОЦИ

## СОДРЖИНА НА ОБРАЗЛОЖЕНИЕТО

Во образложението на

- пресудата поради неподнесување на одговор на тужба,
- пресудата поради изостанок,
- пресудата поради неодржување на расправа,
- пресудата врз основа на признание
- пресудата врз основа на одрекување или
- пресудата со која ќе се одбие ревизијата како неоснована,

**ќе се изнесат само причините што го оправдуваат донесувањето на вакви пресуди.**

## НАЈЧЕСТИ ГРЕШКИ ПРИ ПИШУВАЊЕТО НА ПРЕСУДИТЕ

- Нејасна изрека обременета со многу податоци
- Премногу опширни наводи на странките
- Не јасно дефинирана фактичка состојба –воедно дадена и анализа на доказите и наводи на странките
- Повторување на одредени наводи
- Не се дадени причини за одбивање на определени приговори на странките
- Не се дадени причини за неприфаќање на определени докази

# При пишувањето на пресудата треба да се има во предвид

- Дека пресудата се однесува на странките
- Јазикот на кој е напишана мора да биде разбирлив и со употреба на кратки и граматички исправни реченици
- Се употребува законската терминологија, странските и зборовите што не се општоприфатени во работата на судот не се употребуваат.
- Изложеното треба да е јасно и разбирливо, а изразувањето да одговара на угледот на судот и да не ја навредува личноста на странките и другите лица.

## Каква треба да биде фактичката состојба

- Напишана во минато време
- Да кореспондира со изведените докази
- Јасно одвоена од останатиот текст

## Анализа на доказите

- Секогаш треба да се одвојат неспорните факти
- Да се даде децидна анализа на доказите кои се прифаќаат и од кои се утврдуваат спорните факти
- Да се дадат образложени причини зошто определени докази не се прифатени

# Правно образложение- примена на материјалното право

- Потребно е судот да се повика на законската одредба која ја применува со наведување на сл.весник и измените.

- Јасно да се образложи примената на законската одредба

## Кои се предусловите за добро напишана пресуда

- Добро спроведена постапка со расчистување на сите спорни факти
- Добар концепт и идеа за пишување на пресудата

# Последици доколку пресудата е нејасна и неразбирлива

Може да биде укината од страна на повисокиот суд поради суштествени повреди на одредбите од парничната постапка (чл.343) меѓудругото и доколку

- пресудата има недостатоци поради кои не може да се испита,
- особено ако изреката на пресудата е неразбирлива, ако противречи сама на себеси или на причините за пресудата,
- ако пресудата воопшто нема причини или во неа не се наведени причините за решителните факти или тие причини се нејасни или противречни
- ако за решителните факти постои противречност меѓу она што во причините на пресудата се наведува за содржината на исправите или записникот за исказите дадени во постапката и самите тие исправи или записникот